**ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ПРОЦЕСИ НА ИЗБОРИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА**
**(обработка на податоците од анкета и интервјуа од Битола)**


**Резиме**
Истражувањето во Битола опфати вкупно 79 ученици вклучени преку анкета и интервјуа и шест претставници на наставничкиот кадар и администрацијата во двете училишта – основното училиште Елпида Караманди и средното Јане Сандански.

Учениците учесници во истражувањето се заинтересирани да научат повеќе за правото на учество и неговата примена во училиштата и сметаат дека и наставничкиот кадар треба заедно со нив да биде дел од една ваква едукација. Исто така децата сакаат да спроведат процеси на вистински избори за нивни претставници. Претставниците на наставничкиот кадар и психолошко-педагошката служба изразија подготвеност да учествуваат во активности поврзани со воспставување систем за едукација за правото на учество и негова примена во училиштето.

Во училиштата претставниците на децата не учествуваат во работата на наставничкиот совет, одлучуваат за прашања кои не се од посебна важност за нив како на пример одредување дестинации за екскурзија. Иако учат за ова право во рамки на наставните предмети сепак неговата примена во училиштето е на ниско ниво.

Децата избираат претседател на клас и други претставници, но притоа тоа се случува според традиција на зборот т.е воспоставена пракса, а не врз основа на  дефинирани правила или пишан процес по кој се спроведува изборот. Не постојат ниту јасни критериуми каков треба да биде претседателот на класот и која е неговата функција.


**Примерок од анкетата и учесници на интервјуата во училиштата**
Анкетата која го истражуваше учеството на децата во процесите на донесување одлуки во училиштата како и процесите на избори на ученички претставници се состоеше од 27 комбинирани прашања од затворен и полуотворен тип.

Во Битола од вкупно 26 испитаници вклучени во анкетата 13 или половина се женски. Според возраст најголем дел од испитаниците се средношколци, додека според етничка припадност најголемиот дел се Македонци, има двајца Албанци и еден со Влашка припадност.

| Град | Пол | | Возраст | | | | | | | | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | мкд | алб | тур | ром | срб | вла | др |
| Битола | 13 | 13 | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 | 4 | 5 | 2 | 3 | 23 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Вкупно | 26 | | 26 | | | | | | | | | 26 | | | | | | |

Во групните интервјуа со ученици од основно и средно училиште беа вклучени 25 ученици (13 основци и 12 средношколци). Интервјуа беа организирани и со 28 претседатели на класови (12 претседатели од основното училиште и 16 претседатели од средното училиште).

Дополнително, интервјуа беа организирани и со шест претставници од училиштата (директорот, педагогот, социјалниот работник и еден класен раководител од основното училиште и педагогот и класен раководител од средното училиште).

## *НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ВО БИТОЛА*

- Најголем дел или 58 % од испитаниците (15 деца) изјавуваат дека се запознати со правата на детето. Од друга страна исто така 42% испитаниците наведуваат дека малку се запознати. Кај средношколците преовладува изјавата дека малку се запознати со правата на детето, додека основците повеќето изјавуваат дека ги знаат правата на детето

**Дали си запознат/а со правата на детето?**




- Повеќе од половина испитаници поточно 61,5% изјавуваат дека се запознати со правото на учество на децата во донесување одлуки. 47% изјавуваат дека малку знаат за правото на детето да учествува во донесувањето одлуки во училиштето. Од оние кои се изјасниле дека малку знаат за ова право, односно дека воопшто не знаат за ова право скоро сите се средношколци. И според интервјуата со учениците и претседателите на класови може да се заклучи дека децата знаат што е суштината на ова право иако по однос на пратичната примена познавањата се помали.

**Дали знаеш за правото на децата да учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето?**




- Интересен е наодот според кој 54% од децата или 14 деца изјавуваат дека во рамки на наставните предмети не учеле за правото на учество. 10 деца или 38,5% изјавуваат дека учеле за ова право. При тоа поголем дел средношколци изјавуваат дека не учеле за ова право во однос на оние средношколци кои изјавиле дека учеле за ова право во рамки на наставните предмети. Основците подеднакво ијзавуваат дека учеле за ова право односно дека не учеле. Овие наоди упатуваат на претходните два наоди според кои средношколците во поголем дел изјавуваа дека малку знаат за правото на учество односно дека не знаат за ова право. Од оние кои изјавиле дека учеле како наставни предмети кои го обработуваат ова право ги посочиле Природа и општество за второ одделение, Граѓанско образование, Право, Основи на право, Граѓанска култура.

**Дали во рамките на наставните предмети сте учеле за правото на детето да учествува во донесувањето одлуки?**




- 77% од испитаниците или вкупно 20 деца навеле дека не посетувале работилници организирани од младински организации во врска со правото на учество на детето во донесувањето одлуки во училиштето. Останати 23% или 6 деца навеле дека посетувале вакви работилници. Од тие деца кои навеле дека посетувале вакви работилници 4 се основци, што само ги потврдува претходно искажаните поголеми познавања на правото на учество и на детските права воопшто од страна на основците. Може да се заклучи дека тие скромни познавања за детските права и правото на учество децата сметаат дека ги преку работилници, бидејḱи нема значителен број деца кои потенцирале дека преку наставата учеле за ова право.

**Дали досега си посетувал/а работилници организирани од некои младински организации на кои сте учече за правото на детето да учествува во донесувањето одлуки?**




- Најголемиот дел од децата т.е 77% сакаат да научат како да го остварат своето право на учество во донесување одлуки во училиштето. 6 деца изјавиле дека знаат како да го остварат ова свое право и од нив пет се средношколци, што не кореспондира со претходните наоди според кои средношколците истакнуваат претежно дека малку знаат за правата на детето и за правото на учество. Од овие 6 деца, 5 се женски, а според етничка припадност сите 6 се Македонци. Според интервјуата, на децата особено на средошколците име потреба едукација за остварување на правото на учество. Исто така и Педагозите од училиштата изјавуваат дека едукацијата на наставниот кадар по однос на примена на правото на учество на децата во одлучувањето е посебно важна бидејќи станува збор за различни познавања кај кадарот кои треба да се воедначат.




- Децата се поделени на прашањето како се донесуваат одлуките во училиштето кои се битни за нив. Тоа укажува на немањето јасна перцепција на процесот на донесување одлуки во училиштето и немање сознанија во кои случаи одлучуваат децата или би требало да одлучуваат, а во кои не. Најголемиот дел деца 38,5% сметаат дека учениците одлучуваат преку класната и училишната заедница, а потоа 31% од децата укажуваат дека наставниците и родителите ги прашуваат децата за мислење, но дека учениците не одлучуваат. 23% од децата сметаат дека наставниците и родителите самостојно одлучуваат. Основците претежно се изјаснуваат за опцијата дека наставниците и родителите ги прашуваат учениците а потоа одлучуваат, додека средношколците доминантно се изјаснуваат дека учениците одлучуваат преку училишната и класната заедница. Но од интервјуата со децата може да се забележи дека тие не се чувствуваат вклучени во одлучувањето на ниво на училиште и ова важи како за децата од средно така и за децата од основно. Иако и за едните и за другите постои отвореност од страна на возрасните и често пати има и консултации сепак прифаќањето на нивните ставови е ретка пракса. Дури некои до децата сметаат дека возрасните им наметнуваат одлуки.

Табела 1

**Како најчесто се донесуваат одлуките во училиштето за прашања кои се битни за тебе?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Наставниците самостојно ги донесуваат | 1 | 3,8 |
| Наставниците и родителите заедно одлучуваат | 6 | 23,1 |
| Ние учениците одлучуваме преку класната и училишната заедница | 10 | 38,5 |
| Наставниците и родителите не прашуваат нас учениците за нашто мислење, но ние не одлучуваме | 8 | 30,8 |
| Не знам | 1 | 3,8 |
| Вкупно | 26 | 100,0 |

- 65% од децата изјавуваат дека повеќе пати учествувале во донесувањето на некоја одлука во класот. 27% или 7 деца не учествувале до сега во донесување одлука. Од оние деца кои изјавиле дека не учествувале во донесување одлука 5 се средношколци.

**Дали досега си учествувал/а во донесувањето на некоја одлука во училиштето (во класот или воопшто во училиштето)?**



- Кога се запрашани да изберат во каков вид на одлуки учествуваат 25 испитаници или 96% изјавуват дека биле вклучени при избор на претседател/ка на класот, потоа 12 деца (46%) изјавуваат дека учествуваат кога се донесуваат одлуки каде да се оди на екскурзија, а 8 деца изјавуваат дека биле прашани дали им е потребна дополнителна едукација по некој предмет. Релативно мал број деца помеѓу 2 - 4 се одлучуваат за другите опции. Основците помалку учествуваат во одлучувањето за тоа каде да се оди на екскурзија, а средношколците помалку се вклучени во одлучување по прашањето дали им е потребна дополнителна едукација.
- Децата немаат јасен став и не знаат дали нивните претставници имаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет. Иако најголем дел испитаници 42% сметаат дека нивните претставници имаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет, од друга страна 31% од децата сметаат дека нивните претставници немаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет. Од овие испитаници скоро сите се средношколци. 27% од децата изјавиле дека не знаат дали нивните претставници имаат вакво право. Во пракса 61,5% од децата изјавуваат дека нивните претставници не учествуваат во работата на наставничкиот совет, додека истите 27% кои изјавија дека не знаат дали имаат вакво право, повторно изјавуваат дека не знаат како е во праксата. Според интервјуата со наставниот кадар и во средното и во основното училиште децата не учествуваат во работата на наставничкиот совет. Интересно е дека децата во интервјуата пред се од средното училиште наведуваат дека учествово во наставничкиот совет е една од работите која би сакале да ја добијат и за која им треба поддршка.

**Според тебе, дали претставниците на учениците имаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет?**




**Дали во вашето училиште претставници на учениците учествуваат во работата на наставничкиот совет?**



- Најголемиот дел деца или 69% изјавуваат дека не знаат дали постојат некакви младински тела во училиштето. 19% изјавиле дека не постојат вакви тела. Само три испитаници навеле дека постојат вакви тела и при тоа наведуваат дека постои Детска заедница, Детски парламент, и наведуваат различни спортски, клубови, пинг понг клубови и сл. Сите деца кои изјавиле дека постојат вакви тела се основци. Според интервјуата може да се заклучи дека во основното училиште од неодамна е формирана Детска заедница, додека во средното училиште функционира училишна заедница со свој претседател кој се бира преку училишна церемонија.

**Дали постојат некакви младински тела во училиштето (младински совети, детски клубови и сл.) преку кои учениците учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштетот?**




- Во училиштата редовно се избира претседател/ка на класот. Вака изјавиле 97% од испитаниците.

- Од четири понудени опции по однос на тоа кој предлага кандидати за претседател/ка на класот, најголем дел од испитаниците (20) изјавуваат дека учениците предлагаат, а потоа следува опцијата дека учениците и класниот раководител заедно предлагаат, но само 5 испитаници ја избираат оваа опција. Изборот според изјавите на испитаниците најчесто се случува така што кандидатите се претставуваат, а учениците потоа гласаат (19 испитаници). Многу мал дел испитаници ги посочуваат другите понудени опции. Исто така, како други начини на избор децата

од Битола навеле дека се договараат кој да биде, и дека го пишуваат на ливче името на тој што сакаат да биде и потоа го избираат тој што добил најмногу гласови. Класните раководители најчесто пружаат поддршка во спроведување на изборот, но нема посебни пишани правила за избор на претседатели.

- На прашањето кого најчесто го избираат за претседател/ка на класот 54% наведуваат дека го избираат оној ученик кој најдобро знае да ги претстави, додека 27% изјавуваат дека нема посебно правило кого го избираат. И основците и средношколците подеднакво се определуваат за двете опции.

**Кого најчесто го избирате за претседател/ка на класот?**




- По однос на улогата на претседателот/ката на класот 85% од испитаниците воглавно доделуваат една улога, т.е дека неговата улога е да го претставува мислењето на класот пред наставниците за сите прашања за кои ќе се договорат. Потоа 61,5% ја избираат опцијата дека улогата на преседателот/ката е да бара да се одложи испрашувањето ако класот не е спремен. Оваа дистрибуција на одговорите подеднакво важи и за основците и за средношколците.
- 98% од испитаниците изјавуваат дека освен претседател избираат и други претставници. Запрашани да наведат какви други претставници избираат, најголем дел навеле дека избираат благајник, потпретседател, заменик претседател, секретар, членови.

- За битните прашања според 77 % од испитаниците договарањата се случуваат неформално за време на одморите. Тројца испитаници кои се основци наведуваат дека редовно одржуваат состаноци.
- Испитаниците наведуваат дека нивното мислење се прифаќа при дискусиите во класот, а при тоа 81% наведуваат дека понекогаш се прифаќа, а 15% се опредуваат за опцијата дека секогаш се прифаќа. Мал дел испитаници се определиле за опцијата дека ретко се прифаќа.

**Дали твоето мислење се прифаќа кога се договарате за некои битни прашања во твојот клас?**




- 50% од испитаниците наведуваат дека нивниот клас е делумно активен во училиштето за прашањата кои се битни за учениците. Вкупно 9 испитаници ја избрале опцијата дека класот е активен, од кои 5 основци, додека скоро сите испитаници кои одбрале дека воопшто не се организирани се средношколци.
- Скоро подеднаков дел испитаници (по околу 30%) се определуваат за трите опции т.е дека ги знаат правилата за нивно учество во донесувањето одлуки, односно дека делумно ги знаат и дека не ги знаат. Ова укажува дека доколку постојат некакви пишани правила за учество истите не се подеднакво достапни за сите да ги знаат, како и дека во пракса не се применуваат доследно. Според интервјуата со наставниот кадар во основното училиште постои правилник за правата на децата, додека во средното училиште нема такви пишани правила.

**Дали сметаш дека твојот клас е доволно активен во училиштето за прашањата кои се битни за вас учениците?**




**Дали вие како ученици ги познавате правилата за ваше учество при донесувањето одлуки во училиштето кои се битни за вас?**



- 8 од вкупно 10 испитаници кои се основци не знаат дали во нивниот град постои некаква заедница на ученици како претставничко тело на учениците од сите основни училишта во градот. 11 од вкупно 16 испитаници средношколци не знаат дали постои заедница на претставници на учениците од средните школи, 3 сметаат дека постои, а 2 дека не постои.
- Ист дел од средношколците кои не знаат дали постои средношколска заедница на ниво на град, истакнале дека не знаат дали нивната училишна заедница членува во Средношколската унија на Македонија. Понатаму, најголемиот дел испитаници кои се средношколци, 45%,сметаат дека Средношколската унија делумно односно многу малку ги претставува нивните интереси т.е дека само делумно задоволни од тоа колку Средношколската унија ги застапува интересите на средношколците.
- 65% од испитаниците сакаат да спроведат процес на вистински избори за претседател/ ка на класови, а 19% не сакаат. Интересно е што тие кои избрале дека не сакаат да спроведат избори најголем дел се средношколци.

**Дали би сакале да спроведете процес на вистински избори за ученички претставници во училиштето (како на пример избори за пратеници во Собранието на Република Македонија)?**



- 92% од испитаниците би сакале да научат повеќе за процесите на избори на ученички претставници и нивната улога. Само еден основец ја избрал опцијата дека не сака да научи.

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Постои поделеност кај испитаниците по однос на тоа колку се запознати со правата на детето. Иако поголем дел се изјаснуваат дека се запознати, сепак и има еден значаен дел кои истакнуваат дека малку се запознати. Средношколците во еден поголем дел наведуваат дека малку се запознати за разлика од основците кои во поголем дел наведуваат дека се запознати со правата. Оваа состојба укажува дека постои потреба од едукација воопшто за правата на детето и тоа пред се во средно училиште.
- По однос на познавањето на правото на учество во донесување одлуки испитаниците генерално се запознати со ова право. При тоа од оние кои истакнуваат пак дека малку знаат поголемиот дел се средношколци. Но следејќи ги понатаму наодите кои би требало да покажат дали испитаниците навистина се запознати со ова право може да се заклучи дека постои потреба и во средното и во основното училиште за понатамошна едукација.
- Скоро половина испитаници велат дека не учеле за правото на учество во наставните предмети. Од тие кои изјавиле дека не учеле поголем дел се средношколци што укажува дека овие деца не можат да го препознаат правото на учество како дел од наставните содржини. Оваа констатација до некаде произлегува од фактот дека средношколците посебно истакнуваат дека малку знаат како за правата на детето воопшто така и за правото на учество па соодветно на ова не можат комплетно да идентификуваат што од она што учеле се однесува на правото на учество.
- Учениците и од основните и од средните училишта во најголем дел не посетувале младински работилници на кои се третирало правото на учество во донесување одлуки. Но има еден дел деца претежно основци кои посетувале вакви работилници и тој податок се рефлектира и во наодите според кои голем дел средношколци истакнуваат дека се запознати со ова право. Според тоа може да се заклучи дека познавањата за ова право кои ги имаат учениците генерално се стекнати неформално.

- Учениците кои учествувале во истражувањето сакаат да научат како да го остварат ова свое право. Значи покрај потребата содржински и теоретски да се обработи ова право, учениците сакаат да дознаат за процесот и начинот на  кој се остварува ова право. Исто така и наставниот кадар е позитивно насочен да добие дополнителна едукација во тој контекст и да им пружа соодветна поддршка на децата.
- Децата имаат нејасна перцепција околу процесот на донесување одлуки во училиштето и ситуациите во кои е потребно тие да одлучуваат. Од тука и наодите според кои постои поделеност на децата помеѓу опциите дека учениците одлучуваат преку класната и училишната заедница, односно дека наставниците и родителите ги прашуваат децата, а потоа одлучуваат. На ниво на училиште децата многу малку се вклучени во одлучувањето, тоа е претежно на ниво на клас.
- Поголемиот дел од учениците учествувале повеќе пати во донесувањето на некоја одлука во класот, што кореспондира со наодот според кој децата воглавно изјавуваат дека тие  одлучуваат во училиштето. Но кога станува збор за типот на одлуки во кои учествувале треба да се наведе дека најчесто станува збор за учество кое се подразбира, т.е тоа е при избор на претседател/ка на класот или за прашања поврзани со тоа каде ќе се оди на екскурзија. Има еден дел деца кои биле прашани и за тоа дали им е потребна дополнителна едукација по некој предмет. Ова укажува дека вклучувањето на децата да одлучуваат по други прашања се случува ад хок.
- Децата немаат јасен став и не знаат дали нивните претставници имаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет. Тие се поделени и скоро подеднакво изјавуваат дека нивните претставници имаат односно немаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет. Ова укажува дека и покрај тоа што има еден значаен дел деца кои се изјаснуваат дека знаат за правата на детето воопшто и за првото на учество во донесувањето одлуки, сепак потребна е едукација за процесите на учество на децата во донесување одлуки во училиштето, но исто така потребно е да се развијат и споделат прецизни критериуми за ситуациите на учество на ниво на секое училиште имајќи ги во предвид законските одредби и одредбите од Конвенцијата за правата на детето. Најголем дел од децата изјавуваат дека во пракса нивните претставници не учествуваат во работата на советот.
- Децата не знаат какви младински тела постојат во училиштето, а само еден мал дел основци посочуваат дека постои Детски парламент, детска заедница и спортски клубови. Ова дополнително укажува дека дури и ако постојат овие тела нивната функционалност е дискутабилна.
- По однос на изборите на претседател/ка на класот може да се заклучи дека се случуваат редовно, секоја година и генерално според некакви „демократски“ правила. Интересно е дека постои процес на избори кој е не е прецизно дефиниран и запишан. Па така најчесто кандидатите ги предлагаат учениците, а изборот се врши така што кандидатите прво се претставуваат, а потоа се гласа за нив. Најчесто се избираат ученици кои најдобро знаат да ги претстават интересите на класот, но исто така

постои и пракса дека нема посебно правило кој да биде избран. Според најголем дел ученици во пракса основната улога на претседателот е да го претставува мислењето на класот пред наставниците за сите прашања за кои ќе се договорат. Не постојат псоебни правила во училиштата за избор на претседатели на класови.

- Не постои систем на консултации во рамки на класните заедници за прашања кои им се битни на учениците. Мал дел испитаници од основно училиште наведуваат дека редовно одржуваат состаноци, но тоа не е тенденција. Најчесто дискусиите се случуваат неформално за време на одморите. Ова само дополнително ја потврдува невклученоста на учениците во донесувањето одлуки, бидејќи кога би било поинаку се претпоставува дека учениците почесто и поформално би се консултирале.
- Поголемиот дел ученици и од основно и од средно сметаат дека класот им е делумно активен во училиштето, што уште еднаш укажува на малата вклученост на учениците како одлучувачи преку класната и училишната заедница. Учениците се чувствуваат вклучени во одлучувањето во класот бидејќи во најголем дел истакнуваат дека нивното мислење понекогаш се прифаќа. Од друга страна тие се поделени по однос на тоа колку ги познаваат правилата за нивно учество во донесувањето одлуки. Оваа состојба укажува дека доколку постојат некакви пишани правила за учество истите не се подеднакво достапни за сите да ги знаат, како и дека во пракса не се применуваат доследно. Вакви правила има во основното училиште, но не и во средното.
- Основците и средношколците не знаат дали постојат заедници на ученици како нивни претставници на ниво на град. Ова укажува на потребата дополнително да се истражи дали постојат вакви заедници и доколку ги има колку се функционални.
- Средношколците не знаат дали нивната училишна заедница членува во Средношколската унија и соодветно на ова изјавуваат дека не се задоволни од тоа колку и како Средношколската унија ги претставува интересите.
- Генерално учениците сакаат да спроведат вистински избори за претставници, но еден помал дел ученици пред се од средно училиште истакнуваат дека не сакаат да спроведат вистински избори за претседател/ка на класот.